**20250030056**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за данок на моторни возила,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6483/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Во Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/19), во член 15 во ставот (2) зборовите: „Министерството за надворешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија".

Во ставот (4) зборовите: „Министерството за надворешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија".

Член 2

Во член 16 во ставот (2) зборовите: „Владата на Република Северна Македонија - Секретаријат за европски прашања" се заменуваат со зборовите: „Министерство за европски прашања".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".